Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 86/0306
26.02.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од Драган Антоновски, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Нетпрес“, со текстот насловен „Директорот на државната МИА на партиска трибина на СДСМ се залага за контрола над телевизиите и цензура на пратениците“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 29 јануари 2020 година, директорот на Медиумската информативна агенција (МИА), Драган Антоновски, поднесе жалба за текстот со наслов „Директорот на државната МИА на партиска трибина на СДСМ се залага за контрола над телевизиите и цензура на пратениците", објавен на 29 јануари 2020 година, на интернет – порталот „Нетпрес" (www.netpress.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот е апсолутно тенденциозен и спинуван и дека содржи неточно и нефер известување , како и мешање на факти и мислење, вест и коментар.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Нетпрес" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 13.

***Член 13:** „Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се за работи текст кој пренесува информација од обраќањето на директорот на Медиумската информативна агенција (МИА), Драган Антоновски, на трибина на владејачката партија СДСМ.

Текстот произлегува од јавниот интерес, зашто носителите на јавни функции, во случајов, директорот на МИА, подлежат на постојан јавен надзор и потенцијална јавна критика. Текстот во извесен дел е коректен, а авторот оправдано отвора тези и дилеми околу ставовите на Антоновски во однос на медиумите во земјава. Сепак, од друга страна, членовите на Комисијата препознаа и елементи на тенденциозност и обид ставовите на Антоновски да се стават во политички контекст, на начин што медиумот го користи фактот дека тој учествувал на партиска трибина. Во исто време, во оспорената содржина Комисијата лоцира и мешање на факти и мислења од страна на авторот.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 13** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Ваквата отстапка е забележлива во следната реченица:

***„Од партиската трибина, Антоновски, инаку именуван за директор на МИА од актуелната Влада, седејќи до највисоки партиски функционери на СДСМ, побара владини институции да вршат контрола врз програмата на телевизиите пред таа да биде емитувана, нешто што во моментов се случува само во Северна Кореја.“***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Нетпрес“ (www.netpress.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595